ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Политичка партија Твоја партија Скопје – изборна кампања за Предвремени избори за пратеници во Собрание на РСМ 2020Северна Македониа 2020

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на Вкупниот финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања, за период од 28.05.2020 до 10.08.2020 година, заедно со ревизија на усогласеност

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, а активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
- невоспоставен Регистар на донации за време на изборна кампања и неизготвени финансиски извештаи пропишани со Изборниот законик;
- склучен договор за услуги за изборен процес со период на важност подолг од изборниот процес и без конкретни податоци за неговата намена;
- отсуство на целосна поткрепувачка документација за искажаните расходи

**Издадено мислење*:**

Изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај, како и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
- воспоставување на Регистар на донации во изборна кампања и изготвување на сите финансиски извештаи пропишани со Изборниот законик;
- договорите за услуги за изборен процес да бидат со важност за период на изборниот процес, со податоци за неговата намена;
- обезбедување на целосна поткрепувачка документација за искажаните расходи

**Клучни системски слабости:**
- преиспитување на Изборниот законик за финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка на ПП;
- пропишување на критериуми за распределба на средствата за платеното политичко рекламирање од Буџетот на РСМ
- доуредување на Изборниот законик за давање на можност МФ да носи подзаконски акт за начинот на водење на деловните книги и подготвување на финансиските/ финансискиот извештај за изборната кампања

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
./.

**Одговор на добиени забелешки:**
/.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-025/2018